# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

**Службен весник на РМ, бр. 156 од 25.12.2009 година**

### Член 1

Во Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/2005, 4/2008 и 103/2008), во членот 33 став (5) процентот „15%" се заменува со процентот „20%".
Во ставот (6) запирката по зборот „плати" и зборовите: "„наемнини" и „на ниво на ставка„" се бришат.

### Член 2

Членот 47 се менува и гласи:
„(1) Во случај на преземање на обврски од страна на буџетските корисници и единките корисници во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години буџетските корисници, односно единки корисници претходно мора да обезбедат согласност.
(2) Буџетските корисници и единките корисници од централната власт согласноста од ставот (1) на овој член ја обезбедуваат од Владата на Република Македонија по претходно мислење на Министерството за финансии, а буџетските корисници и единките корисници на фондовите и општините согласноста ја обезбедуваат од надлежниот орган."

### Член 3

Во членот 48 ставот (2) се брише.
Ставовите (3), (4) и (5) стануваат став (2), (3) и (4).
Во ставот (2) зборовите: „ставовите (1) и (2)" се заменуваат со зборовите: „ставот (1)."

### Член 4

Во членот 51 став (5) бројот „15" се заменува со бројот „30".

### Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој закон одредбите на членот 10 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/2008, 4/2008 и 103/2008) нема да се применуваат до 1 јануари 2011 година.

### Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.